Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за социјална заштита -

Архивски број:10- 2933/2
Датум: 10.04.2020

16 04 2020

До: До: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
Ул. Максим Горки 20/1-4, Скопје

Предмет: Одговор на барање

Предмет: Известување

*Почитувани,*

До Министерството за труд и социјална политика доставен е допис од страна на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, кој се однесува на итни препораки за соработка и координација на надлежните институции за заштита на жените кои претрпеле семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба.

Согласно мерките и активностите за превенција од ширење на болеста COVID -19 (корона вирус) донесени од Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика во координација со надлежните институции континуирано презема конкретни мерки и активности со цел жртвите да добијат соодветна помош и заштита и тоа:

1. Министерството за труд и социјална политика подготвува кампања за пријава на семејно насилство во вонредна состојба COVID-19 и истата, во соработка со секторот за односи со јавност на Владата, ќе биде дистрибуирана преку социјалните медиуми и јавниот сервис. Во рамки на кампањата, Министерството за труд и социјална политика подготовува информативни флаери и информативно видео кои ќе ги содржат основните информации за пријава на семејно насилство односно каде жртвата да се обрати за помош, постоечките сервиси и истите ке бидат дистрибуирани на места кои се најмногу посетувани во периодов, како што се аптеките и маркетите.

2. Министерството за труд и социјална политика достави допис известување до сите општини на територијата на Република Северна Македонија, за начинот и потребата од итност во постапувањето и достапноста на сервисите за жртвите на семејно насилство, со контактите од сите постоечки сервиси.
3. Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи, координирано постапуваат во случај на семејно насилство и за време на полициски час и со другите надлежни институции кои постапуваат во случаи на семејно насилство. Стручните лица од центрите за социјална работа имаат дозвола за непречено движење и за време на полициски час, со цел жртвите да ја добијат потребната заштита и поддршка.
4. По остварената комуникација со МВР известуваме дека ќе биде доставен допис до сите полициски станици по однос на постапувањето на полициските службеници во случај на пријава и постапување на жртвите на семејно насилство.
5. По однос на обезбедувањето на средства за жртвите на семејно насилство, Министерството за труд и социјална политика во буџетот има обезбедено средства за непречено функционирање на сервисите како и парични средства за жртвите на семејно насилство.
6. Центрите за социјална работа интензивно соработуваат со здруженијата кои работат на проблематиката семејно насилство. Министерството за труд и социјална политика во јануари 2020 година има склучено договори со 4 здруженија кои работат на проблематиката семејно насилство и даваат специјализирани услуги на жртвите на семејно насилство (СОС линија, Кризно сместување 24/48часа, Сместување во засолниште до 1 година, Психо-социјален третман на жртви на семејно насилство во советувалиште), согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивните асоцијации, на здруженија за борба против семејното насилство и за Црвен Крст на Република Северна Македонија. Исто така министерството соработува и со останатите

здруженија кои работат на проблематиката семејно насилство односно даватели на социјални услуги на жртвите на семејно насилство кои се во системот на социјална заштита, а не се финансирани од буџетски средства на министерството.

7. Во координација со Министерството за правда е договорено дека делата од областа на семејното насилство кои не се содржани во листата на приоритетни, ќе бидат доставени на разгледување до Јавниот обвинител на РСМ и Судскиот совет на РСМ, како надлежни за постапувањето и работата на јавните обвинителства и судовите.
8. По однос на постапувањето на Министерството за здравство односно постапувањето на здравствените работници известуваме дека согласно своите надлежности истите постапуваат по однос на жртвите на семејно насилство согласно постоечкиот Протокол за меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејно насилство.
9. Дополнително, во соработка со партнерските организации, МТСП обезбеди поддршка во вид на прехрамбени и хигиенски пакети за сите регистрирани жени жртви на семејно насилство, како и особено ранливи категории на жени. Истите ќе бидат во најкраток рок дистрибуирани до корисничките, преку центрите за социјална работа.

***Со почит,***

Заменик министер,
Gjonul Bajraktar

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА - MINISTRIA E PUNËS DHE POLITIKËS SOCIALE - СКОПЈЕ - SHKUP

Изработил:м-р Л.Штерјов
Одобрил:С.Спасовска